Врз основа на член 22 став (3) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), министерката за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на определување на координатор за практично образование

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на определување на координатор за практично образование во установата за стручно образование и обука (во натамошниот текст: установата).

### Член 2

Координаторот за практично образование е одговорен за организација и управување со реализацијата на практичното образование кај работодавачот, како и за координација помеѓу работодавачите , наставниците по учење преку работа (во натамошниот текст: УПР) кај работодавачот и учениците, пред, за време и по завршување на практичното образование кај работодавач.

Координаторот за практично образование дава поддршка на директорот и на наставниците во установата, како и на работодавачите кои се вклучени во реализацијата на практичното образование кај работодавач.

### Член 3

Координаторот за практично образование се избира од редот на наставниците вработени на неопределено време во училиштето, врз основа на претходно направена анализа на ниво на училиште, односно општина/град Скопје и без да се предизвика ново финансирање за наставен кадар.

За координатор за практично образование може да биде избран наставник кој ги исполнува следниве услови:

- да има завршено високо образование;
- да има најмалку пет години работно искуство во областа на образованието и
- да има завршена обука за координатор за практично образование и поседување сертификат издаден од Центарот за развој на стручно образование (во натамошниот текст: Центарот).

Доколку наставникот не поседува сертификат за завршена обука за координатор за практично образование, треба во рок од една година да ја заврши обуката и да се стекне со сертификат од Центарот.

### Член 4

Наставничкиот совет, од редот на наставниците кои ги исполнуваат условите од член 3 став (2) од овој пшравилник, предлага канидати за координатори за практично образование.

Изборот на координатор за практично образование, по предлог на наставнички совет, го врши директорот на установата.

### Член 5

При еднакви услови на предложените кандидати, се избира кандидатот со подолго искуство во координација на практично образование и/или наставик по стручни предмети.

Член 6

Бројот на координатори во установата, се определува согласно бројот на ученици кои реализираат практично образование кај работодавач, и тоа:

- до 300 ученици – еден координатор со работен ангажман од 50% од работното време;
- од 301 до 600 ученици – еден координатор со работен ангажман од 100% од работното време;
- од 601 до 1000 ученици – двајца координатори, еден со работен ангажман од 100% од работното време и еден со 50% од работното време и
- над 1000 ученици – двајца координатори, и двајцата со работен ангажман од 100% од работното време.

Директорот на установата, согласно потребите за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес и без предизвикување дополнителни финансиски импликации, може да изврши распределба на работниот ангажман и на повеќе координатори, при што не смее да се надмине процентот од работното време утврдено во ставот 1 на овој член.

Во средните стручни училишта каде наставата се реализира на повеќе од еден наставен јазик, директорот на училиштето врши правична и пропорционална распределба на работниот ангажман на координаторите за практично образование, во согласност со застапеноста на наставните јазици. При тоа, на секој координатор му се определува најмалку 50% од полното работно време, а вкупниот ангажман на сите координатори не смее да го надмине работното време определено во ставот (1) од овој член.

**Член 7**

Координаторот се избира на определено време со мандат од четири години и право на реизбор.

**Член 8**

Стручен надзор над работата на координаторот за практично образование врши Центарот.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговоро донесување.

**Министерка за образование и наука**
**проф.д-р Весна Јаневска**

**Бр.** 13 - 7745/1
02-06-2025 **2025 година**
**Скопје**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS SHKUP